Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10 и 135/11) и одлуката за основање на Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР Скопје, Основачкото собрание на здружението на седницата одржана на ден 6 септември 2017 година во Скопје го донесе следниов:

# С Т А Т У Т

**на**

**Здружение за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје**

## Општи одредби

### Член 1

Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓани заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности преку културен и медиумски активизам за промоција на човековите права на лезбијките, геј мажите, бисексуалните, трансродовите, интерсексуалните и квир (ЛГБТ+) лица на територијата на Република Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

### Член 2

Граѓаните се здружуваат во Здружението, заради остварување сензибилизација на општеството за сексуалниот и родовиот диверзитет и подигнување на јавната свест за човековите права на ЛГБТ+ луѓето, а во контекст на создавање услови за прифаќање на различностите и унапредување на социјалниот и законскиот статус на оваа заедница во РМ.

### Член 3

Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје дејствува на целата територија на РМ. Здружението во своето дејствување може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции во земјата и од странство, како и да членува во асоцијации во земјата и од странство согласно Уставот и Законот на РМ и овој Статут.

### Член 4

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на РМ, со овој Статут и позитивните законски прописи од оваа област.

Член 5

Називот на здружението на граѓани е:
**Здружение за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР Скопје**
Името на англиски јазик е:
**Association for cultural and media activism QUEER SQUARE Skopje**
Скратениот назив на Здружението е:
**КВИР СКВЕР**

Член 6

Седиштето на здружението е во Скопје на ул. Јабланица бр.29А, општина Кисела Вода, а се организира и делува на територијата на Република Македонија и во останатите земји.

Член 7

Здружението КВИР СКВЕР од Скопје има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здружението го претставува и застапува Претседателот, без ограничување.

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Здружението на македонски јазик со кирилично писмо: Здружение за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР Скопје.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст:

Здружение за културен
и медиумски активизам
КВИР СКВЕР
Бр.________________
________ 20____ год.
Скопје

**Цели и задачи на Здружението**

Член 8

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес. Мисијата на Здружението е да работи на создавање услови за социјална инклузија и прифаќање на ЛГБТ+ луѓето, правејќи го тоа преку културен и медиумски активизам.

Основни цели и задачи на Здружението се:

- информирање и едуцирање на граѓаните за човековите права и слободи општо, согласно Универзалната декларација за човековите права, Европската конвенција за заштита на

човековите права и основните слободи, како и други меѓународни договори ратификувани од Република Македонија и законските акти во оваа област во рамки на националната легислатива;

- промовирање на еднаквост и недискриминација во обид да се креира инклузивно општество кое ќе ги слави и поттикнува различностите како суштинска вредност, овозможувајќи реализирање на потенцијалите на луѓето, без оглед на нивните лични карактеристики (во кои се вбројуваат и сексуалната ориентација и родовиот идентитет на единката), и придонесувајќи во остварувањето на поквалитетен живот, работно опкружување и услови за напредување;
- поттикнување и негување на квир културата во национални и интернационални рамки;
- оснажување на ЛГБТ+ луѓето, јакнење на нивната самодоверба и самопочитување;
- зголемување на општествената видливост на ЛГБТ+ заедницата;
- подигнување на јавната свест за хомофобијата, бифобијата и трансфобијата, штетните последици од таквите однесувања и потребата од заземање и постапување против овие појави;
- подобрување на репрезентацијата на ЛГБТ+ луѓето во медиумите, културата, спортот... .

**Член 9**

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РМ.

Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

**Член 10**

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку, без ограничување на, следниве активности кои може да се сметаат за примарни:

- организирање на конкретни програмски активности;
- соработка со други организации од земјата и странство;
- спроведување на сопствени и заеднички проекти;
- организирање (и учество) на конференции, семинари, обуки и друг вид на активности;
- организирање (и учество) на културно-уметнички проекти, настани и манифестации;
- организирање (и учество) на спортски проекти, настани и манифестации;
- подготовка и издавање на публикации во електронска или печатена форма;
- медиумски кампањи;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции и соработка со нив во насока на остварување на целите и програмата за работа на Здружението;
- медијација;
- врши и други работи предвидени со овој Статут;

Програмата за работа може да биде менувана и дополнувана од година во година или по потреба, во согласност со Статутот, мисијата и целите на Здружението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8 * СКОПЈЕ *

## Членување

### Член 11

Член на Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на РМ и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со пополнување пристапница во печатена форма или по електронски пат.

Со потпишување на пристапницата, членовите го прифаќаат Статутот на Здружението.

Здружението, заради евиденција и интерна комуникација, за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

### Член 12

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата и да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања притоа внимавајќи на почитувањето на личноста и достоинството на останатите членови.

### Член 13

Членовите на Здружението се должни:

- редовно да ја плаќаат членарината;
- да го почитуваат Статутот;
- да присуствуваат на состаноците.

### Член 14

Членството во Здружението може да престане:

- по барање на членот на Здружението;
- ако членот не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него;
- ако членот дејствува против целите и угледот на Здружението;
- ако членот не ја плаќа редовно членарината.

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршниот Одбор на Здружението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ

## Јавноста во работата

### Член 15

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите и пошироката јавност за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на органите и телата на Здружението, за материјалното односно финансиското работење и друго.

Информирањето на членовите и пошироката јавност се врши преку веб-страницата и мејлинг листата на Здружението, како и печатот, радиото, телевизијата и социјалните мрежи.

**Финансирање на здружението**

**Член 16**

Здружението остварува средства од:

- членарина;
- донации, доброволни прилози;
- буџет на РМ и локалните самоуправи;
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции;
- провизии од органи, организации;
- заедници и од други установи;
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (имотни права и сл.);
- од други извори предвидени со Законот и Статутот.

**Член 17**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

**Член 18**

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 19**

Здружението за културен и медиумски развој КВИР СКВЕР од Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 16 од Статутот, како и расходите за планираните проектни активности, плати на вработените односно хонорари на ангажираните лица на проекти, материјални трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## Органи на Здружението

### Член 20

Органи на Здружението се:

1. Собрание; и
2. Извршен одбор.

## Собрание на здружението

### Член 21

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието избира Претседател со обично мнозинство. Претседателот на Собранието е истовремено и претседател на Здружението и на Извршниот одбор. Претседателот има мандат од 5 години, со право на повторен избор, го застапува и претставува Здружението во земјата и странство, ги потпишува општите акти и одлуки кои ги донесува Собранието и Извршниот одбор, и врши други работи во рамките на неговите овластувања утврдени со Законот и со овој Статут.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

### Член 22

Изборното Собрание се свикува на секои 5 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма или по електронски пат (преку е-пошта) се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

### Член 23

На изборното собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување на Здружението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8 СКОПЈЕ

### Член 24

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на една петтина од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Седниците на Собранието на Здружението се свикуваат по електронски пат (е-пошта). За потсетување на членовите на Собранието за претстојна седница може да се користи и телефон.

**Член 25**

Собранието на Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен одбор.

**Член 26**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог на една третина од членовите на Собранието, гласањето може да биде и тајно.

Одлуките на Собранието може да се носат и со гласање по електронски пат (е-пошта).

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 27**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здружението;
- Избира Претседател на Здружението;
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор меѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението меѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

## Извршен одбор

### Член 28

Извршниот одбор на Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје е Извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

Член на Извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

### Член 29

Извршниот Одбор на Здружението брои три члена: Претседател и уште двајца членови.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 5 години.

Претседателот на Извршниот одбор истовремено е и претседател на Собранието на Здружението и претседател на Здружението и тој го претставува и застапува Здружението и е наредбодавател и во областа на материјалното и финансиското работење на друштвото.

### Член 30

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Извршниот одбор се состанува по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.

Седницата на Извршниот одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување седница на Извршниот одбор може да поднесе и една третина од членовите на Извршниот одбор или една третина од членовите на Собранието.

Со седницата на Извршниот одбор раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство ќе раководи член од Извршниот одбор кој ќе го назначи Претседателот.

Извршниот одбор може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Членовите на Извршниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

Седниците на Извршниот одбор се договараат преку е-пошта или телефон.

### Член 31

Извршниот одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува и припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт-статутот, предлага измени и дополнување на Статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 СКОПЈЕ

- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Одлучува за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела, избира и разрешува координатори и членови на работните тела, и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Доделува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Формира стручна служба, дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба на Здружението, и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 32**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор формира други работни тела.

**Престанок на Здружението**

**Член 33**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат две третини од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако настапат причини утврдени со член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Основачите на Здружението имаат право, само доколку донесат едногласна одлука, да го укинат здружението, за што го информираат Собранието и надлежните државни органи.

**Член 34**

Во случај на престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на основачите кои внеле сопствен влог при основањето и регистрацијата на правниот субјект, во соодност на влогот.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 • СКОПЈЕ

## Преодни и завршни одредби

### Член 35

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

### Член 36

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

### Член 37

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување.

Скопје, 6 септември 2017

Претседател на Здружението за културен и медиумски активизам КВИР СКВЕР од Скопје
Петар Стојковиќ